во уметничката галерија „моша пијаде“ — битола 23. V - 10. VI 1986.

здружение
на
ликовните
уметници
битола

# 12. мајска изложба

ДВАНАЕСЕТТАТА ТРАДИЦИОНАЛНА МАЈСКА ИЗЛОЖБА НА ЗЛУБ ПРЕТСТАВУВА ВПЕЧАТЛИВА ЛИКОВНА МАНИФЕСТАЦИЈА КОЈА ПОСТАВУВА ЛИКОВЕН ЗБИР ОД ИНВЕНТИВНИ МИГОВИ, ПОДАРЕНИ ЗА ДУХОВНИТЕ НАСЛАДИ НА УМЕТНИЧКОТО ПОСТОЕЊЕ, КАКО НАЈЗАГАДОЧНА И НАЈПОСАКУВАНА ДУШЕВНА ТАЈНА НА ЧОВЕКОВАТА ФАНТАЗИЈА . . .

ИЗЛОЖБАТА Е ПОСВЕТЕНА НА ВЕЛЕЛЕПНИОТ ПРАЗНИК НА МЛАДОСТА — ДВАЕСЕТИПЕТТИ МАЈ И РОДЕНДЕНОТ НА ДРУГАРОТ ТИТО И 1100-ГОДИШНИНАТА ОД ДОАЃАЊЕТО НА КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ОХРИД, ГРАМОТНИОТ МАКЕДОНСКИ И СЕСЛОВЕНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛ, СО ШТО ОВАА ЛИКОВНА ПОСТАВКА ДОБИВА ИСКЛУЧИТЕЛНИ ТВОРЕЧКИ И ПОТТИКНУВАЧКИ ИМПЕРАТИВИ.

ПРЕЗЕНТИРАНИТЕ ТВОРБИ ЈА ОТСЛИКУВААТ КРЕАТИВНАТА СЛИКА НА УМЕТНИКОТ-ТВОРЕЦ, КОЈ НИЗ ИМАГИНАЦИЈАТА НА ФОРМИТЕ, БОИТЕ И КОМПОЗИЦИИТЕ ГИ ОСМИСЛУВА ВИЗИИТЕ НА ЕМОЦИОНАЛНИТЕ ОБЛИЦИ КОИ ИЗВИРААТ ОД НИВНИТЕ ПОРИВНИ СВЕТОВИ. . .

РАЗНООБРАЗНИТЕ ЛИКОВНИ МЕДИТАЦИИ ВРЕЖАНИ ,ВРЗ ИНДИВИДУАЛНИТЕ ИМПРЕСИИ НА УМЕТНИЧКИТЕ ТВОРИТЕЛИ, ОДДАВААТ ЈАСНИ ЖЕЛБИ ЗА ОДГАТНУВАЊЕ НА НЕЈАСНИТЕ СПИРИТУАЛНИ ОБРАЗИ КОИ СЕ НАТАЛОЖИЛЕ МЕЃУ ОВИЕ СЛИКОВНИ ИМПРОВИЗАЦИИ, СОЗДАДЕНИ ПРЕКУ СЕНЗИБИЛИТЕТОТ И МУДРОСТА НА ЕСТЕТСКОТО ОТКРОВЕНИЕ КОЕ НАЈБЕЛЕЖИТО НАВИРА НИЗ НАВЕСТЕНОТО, НЕИЗВЕСНОТО, ТАЈНОТО!

УБАВИНИТЕ, КАКО НЕОДГАТНАТИ ФИКЦИИ НА МЕЧТАТА ЈА ПРОДОЛЖУВААТ ИМАГИНАРНАТА МИСИЈА НА ДЕТСТВОТО ВО НЕДООБЛИЧЕНОТО, НЕДЕФИНИРАНОТО И НЕДОИСКАЖАНОТО, ДОЛОВУВАЈЌИ ЛИКОВНИ ЗАГАТКИ ШТО САМО СЕ РАЗОТКРИВААТ, А НИКОГАШ КОНЕЧНО НЕ СЕ ОТКРИВААТ, ДООБЈАСНУВААТ! . . .

РИЧАРД ИВАНИШЕВИЌ

**СТОЈАН АПЧЕВСКИ — 1936**

1. *„Икар — ситопечат*
2. *„Интима“ — сито печат*

ГАЛЕРИЈА * ТРОН АРТ * БИТОЛА МАКЕДОНИЈА

**МИЛИЦА ВАСИЛЕВСКА — 1923**

3. *Битов ентериер“ — бакар*

**ГЕОРГИ ДЕСАНОВСКИ — ДЕСАН — 1938**

4. *Од пелагонискoто мочуриште“*
5. *„Мариовско квечерие“*
6. *Пелагониски есенски дождови“*
7. *„Пелагониски мотив (езерски)“*
8. *„Будење“ — комб. техника*

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ — ТАКЕЦ — 1922**

9. *„Пладневен припек во Чаршијата“ — масло*
10. *„Чаршијата во сеќавање“ — масло*

**СОТИР ДИМОВСКИ — 1921**

11. *„Копачка“ — гипс*
12. *„Автопортрет“ — гипс*

**МЕНДЕ ИВАНОВСКИ — 1929**

13. *Мотив од едно постоење“ — масло*

**ТОДЕ ИВАНОВСКИ — 1924**

14. *„Балада од февруарскиот поход“ — цртеж*
15. *„Балада од февруарскиот поход“ — цртеж*
16. *„Балада од февруарскиот поход“ — темпера*

**ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ — 1939**

17. *„Летни шамаци“ — ма*
18. *„Ресенска рапсодија“ — масло*
19. *„Зимски пејзаж“ — масло*

**ЗЕКМАН РАКИПОВСКИ — ЗЕК — 1957**

20. *„Модус перпетуацио“ I — линорез*
21. *„Модус перпетуацио“ II — линорез*
23. *„Модус перпетуацио“ III — линорез*

**ПЕРО СПИРОСКИ — 1928**

24. *„Пелагонија“ — масло*
25. *„Зима“ — масло*
26. *„Ридје и вода“ — масло*
27. *Игра во просторот“ — масло*
28. *„Пејзаж“ — масло*

**БОРИСЛАВ ТРАИКОВСКИ — 1917**

29. *„Букет“ — масло*
30. *„Апстрактни плохи“ I — масло*
31. *„Апстрактни плохи“ II — масло*
32. *„Апстрактни плохи“ III — масло*
33. *„Духовни маски“ — масло*

**БЛАГОЈ ФИЛИПОВСКИ — 1935**

34. *„Мајка со дете“ — масло*
35. *„Ноќ во градот“ — масло*
36. *„Галаксија“ — масло*
37. *„Духовна импресија“ — масло*
38. *„Семејство“ — масло*

добитници на мајската награда '86.:
за сликарство - панде петровски
за скулптура - сотир димовски

оформување на каталогот:
дизајн - димитар димитровски - такец
амблем - ранко струмениковски